Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 01/0306
03.01 20 19 год.
Скопје

03.01.2019

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 3 јануари 2019 година, врз основа на примена жалба од Народниот правобранител на Р.Македонија, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**Интернет порталот „Досие.мк“, со текстот насловен „Чергарите од Кале добија куќи“, го прекрши Кодексот на новинарите во членот 11.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 3 декември 2018 година, Народниот правобранител на Р.Македонија, поднесе жалба за текстот насловен „Чергарите од Кале добија куќи", објавен на 9 ноември 2018 година, на интернет порталот „Досие.мк" (www.dosie.mk ).

Народниот правобранител појаснува дека жалбата ја поднесува во име на Центарот за развој на ромската заедница „Баирска светлина" од Битола, кој претходно, со претставка се обратил до институцијата Обдусман, како реакција на насловот на текстот, во кој препознаваат говор на омраза и дискриминација по етничка основа.

Во претставката се наведува дека не е спорна содржината на текстот, кој се однесува на доделените домови на лица, кои живееле на отворено под тврдината Кале, туку насловот на текстот. Според подносителот на жалбата, преку насловот се промовира говор на омраза кон припадниците на ромската популација, се поттикнува дискриминација врз основа на маргинализирана група и се повредува достоинството на одредена група Роми.

*„Во насока на превенирање на понатамошни дискусии, од страна на активист, било побарано да се избрише насловот на објавата, со цел порталот да не се соочи со правни последици"*, се вели во претставката на Народниот правобранител на Р.Македонија.

Во жалбата, меѓу другото, се пренесува и ставот на сопственичката и одговорна уредничка на порталот „Досие.мк", Кристина Мачкиќ, споделен на социјалните мрежи, според која зборот „чергари" не бил навредлив, не се однесувал на ромската заедница и оти тој термин постоел во речникот на македонскиот литературен јазик.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот „Досие.мк" и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Од „Досие.мк" не одговорија на наводите на жалителот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 11:

***Член 11:*** *„Новинарот ќе се придржува и на општо прифатените општествени стандарди на пристојност и почитување на етничките, културните и религиозните различности во Македонија(...)."*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 3 јануари 2019 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина.

Членовите на Комисијата, најнапред, утврдија дека текстот произлегува од јавниот интерес и дека самата содржина на новинарскиот производ е коректна, но во исто време се согласија дека насловот на текстот е несоодветен и дека содржи елементи кои добиваат конотација на стереотипизирање и предрасуди по етничка основа. Комисијата, во продолжение, не најде доволно елементи дека текстот содржи говор на омраза и дискриминација и констатираше дека во него е прекршен членот 11 од Кодексот на новинарите, според кој новинарот ќе се придржува на општоприфатените општествени стандарди на пристојност и почитување на етничките, културните и религиозните различности во Македонија. Ова прекршување е забележано во самиот наслов од текстот:

***„Чергарите од Кале добија куќи".***

Новинарот мора да биде свесен за последиците и ефектите од неговите зборови, мора да внимава на нивниот избор и не смее да навредува или да исмејува. Професионалниот новинар никогаш нема да зборува за личности врз основа на стереотипи и предрасуди за расата, полот, етничката припадност, сексуалната ориентација, телесниот недостаток, физичкиот изглед и социјалниот статус.

Комисијата, при своето одлучување, ја зеде предвид и Препораката бр. R (97) 21 на Комитетот на министри до земјите – членки за медиумите и за промоција на културата на толеранција (Усвоена од Комитетот на министри, на 30 октомври 1997), во делот: „медиумите можат да дадат позитивен придонес во борбата против нетрпеливоста, особено онаму каде што негуваат култура на разбирање меѓу различните етнички, културни и религиозни групи во општеството", како и Додатокот на истата препорака бр. R (97) 21 во делот „Проблемот на нетпреливост бара изјаснување и од јавноста и од медиумските претпријатија. Искуството од професионалните медиумски кругови покажа дека е корисно ваквите претпријатија да покажуваат:

- избегнување понижувачко и стереотипно прикажување на припадниците на културните, етничките или религозните заедници во публикации или програмски услуги;
- третирање на индивидуалното однесување без тоа да се поврзува со припадноста на лицето на вакви заедници, во случаи кога не е релевантно;
- прикажување на културните, етничките и религиозните заедници на избалансиран и објективен начин и на начин што ќе ги рефлектира перспективите и погледите на овие заедници;
- продлабочување на јавното разбирање и почитување на разликите.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

При своето одлучување, Комисијата го зеде предвид и членот 9 од Уставот на РМ, во кој се вели дека граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување; имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Најпосле, Комисијата за жалби ги охрабрува медиумите интензивно и професионално да ги следат темите поврзани со бездомните семејства и дадат придонес во изнаоѓање начин да и' се помогне на оваа социјална категорија граѓани.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет порталот „Досие.мк“ (www.dosie.mk ), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595